| Раководење со училиштето | Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште.<br>Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма.<br>Воспоставува партнерства со непосредната локална средина и граѓанските организации, тука спаѓаат :<br>Проекти во соработка со МОН и БРО;<br>Употреба на асистивна технологија во работата со ученици со посебни образовни потреби;<br>Интерни проекти со здруженија на граѓани, локална самоуправа, невладини организации.<br>Директорот го вклучува училиштето во меѓународни и регионални училишни мрежи. |
| Управување и раководење со ресурсите | Воспитно-образовната дејност училиштето ООУ „ Кузман Јосифовски- Питу" ја реализира во две училишни згради од тврда градба. Централната училишната зграда има приземје, два ката со три меѓуката и подрумски простории, додека подрачното училиште има само 1 кат.<br>Училишниот простор целосно ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. Во состав на училиштето е и подрачно училиште, но истото се користи само за учениците од одделенска настава. Наставата се реализира во 26 училници во централното и 6 училници во подрачното училиште. Во нив има и 2 наставнички канцеларии, канцеларии за админстративната и педагошката служба Има 1 библиотека(за одделенска и за предметна настава) во централното училиште.<br>Санитарните јазли кои ги користат вработените и учениците се добри.<br>Училишниот двор е голем, хортикултурно е уреден. Дворот е целосно ограден. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Раководење со кадарот** | **Воспитно - образовната дејност во училиштето ја остварува соодветен воспитно - образовен кадар кој со својата работа, стручна способност, искуство, внесување нови методи стратегии и техники на работа во наставата придонесува за поголема успешност во остварувањето на дејноста. Нема несоодветни наставници по ниту еден предмет. Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар како замена. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставен кадар. Во воспитно образовниот процес, вклучен е и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. Работата е потпомогната, надополнета и олеснета со образовни асистенти, педагог, психолог, социјален работник и специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог). Во училиштето има еден наставник со звање наставник - ментор. Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и вонннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Во Програмата за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Стручните активи на училиштето редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на унапредување на професионалниот развој, организирање на нагледни часови и сл. Наставниците од одделенска настава ја имаат следено обуката за Новата Концепцијата за основно образование. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците. Наставниците имаат лична професионална програма и професионални досиеа. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот, психолог и специјалниот едукато - рехабилитатор (во одделенија P A G E каде има ученици со посебни потреби), увид во планирањата, и преку активностите на стручните активи. Постои соработка со наставници од други основни училишта, факултети и невладини** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **здруженија во општината и пошироко. Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеа.** |
| | **Следење и унапредување на наставниот процес** | **Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час.** |

| **4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **Развојна програма на училиштето;**<br><br>**Годишна програма за работа на училиштето;**<br><br>**Извештај од самоевалуација;**<br><br>**План за следење и евалуација за реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, наставниците, родителите, учениците.** | **Процедури за креирање на училишната политика** | **Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за:**<br>**- меѓуетничка интеграција,**<br>**- намалување на насилството во училиштата,**<br>**- намалување на семејното насилство,**<br>**- недискриминација,**<br>**- еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност,**<br>**- еколошко образование,**<br>**- грижа за здравјето и исхраната на учениците - безбеден пристап до интернет,**<br>**- безбедно користење на фотографиите на учениците,**<br>**- однесувањето и дисциплината на учениците**<br>**- евакуирање во случај на опасност,**<br>**- следење и оценување на учениците,**<br>**- промовирање на постигањата на учениците,**<br>**- грижа за учениците од социјално загрозени семејства ,**<br>**- реализирање на хуманитарни акции.**<br>**Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **чинители** |
| | **Резултати од развојно планирање** | **Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултатите од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.** |
| | **Планирање и управување со училишниот буџет** | **Училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето. Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на општината, по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор. Училиштето има буџетска и сопствена сметка. Приходи на сопствената сметка се остваруваат од издавање под закуп на училишните** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **спортски сали, и трпезаријата. Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот. Во врска со јавните набавки во училиштето има училишна комисија за јавни набавки од мала вредност. Постои документација за начинот на спроведување на јавните набавки. Јавни набавки со поголема вредност на училиштето се реализираат преку општината. Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето.** |

### Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

<u>**Опис/резиме на подрачјето**</u>

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.
Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации.

Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и вонаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри. Најголем дел од наставниците се изјасниле дека училиштето многу добро

| |
|---|
| планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.<br><br>. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсусто.<br><br>Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.<br>Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.<br><br>Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. |
| Силни страни<br><br>Функционалност и соработка на училишниот одбор: Училишниот одбор функционира ефикасно и има воспоставено партнерски однос со раководството на училиштето и другите училишни структури. Донесените одлуки се транспарентни и соодветно документирани, што овозможува добро управување и координација.<br><br>Информирање и вклучување на сите учесници: Училиштето обезбедува јасни и навремени информации за сите учесници во образовниот процес, вклучувајќи наставници, ученици и родители. Ова се остварува преку различни канали на комуникација, вклучувајќи родителски средби, наставнички совети и дигитални платформи. |

Навремено обезбедување на ресурси: Училиштето навремено обезбедува потребен потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности, што придонесува за квалитетна реализација на образовниот процес.

Транспарентност и отчетност: финансиските планови и трошењето на Буџетот се транспарентни и достапни за сите релевантни страни, а буџетските приоритети се усогласени со образовните цели на училиштето.

Слаби страни

Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците. Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот.

Приоритети

Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот.
Зголемување на просторот на училишната библиотека, создавање на читална, со цел да се овозможи подобар пристап до ресурси за учениците.

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации (се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници)**

**Анкета за родители/ старатели (Анкетирани се вкупно 66 родители/старатели) Подрачје 4**

| | ***Целосно се согласувам*** | ***Се согласувам*** | ***Не се согласувам*** | ***Целосно не се согласувам*** | ***Не знам/ немам информција*** |
|---|---|---|---|---|---|
| Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето | **18 (27,3 %)** | **32 (48,5%)** | **10 (15,2%)** | **2 (3%)** | **4 (6,1%)** |
| Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период | **34 (51,5%)** | **23 (34,8%)** | **7 (10,6%)** | **1 (1,5%)** | **1 (1,5%)** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки | **26 (39,4%)** | **30 (45,5%)** | **6 (9,1%)** | **1 (1,5%)** | **3 (4,5%)** |
| Училишната библиотека е достапна за сите ученици | **25 (37,9%)** | **19 (28,8%)** | **5 (7,6%)** | **3 (4,5%)** | **14 (21,2%)** |
| Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен | **23 (34,8%)** | **27 (40,9%)** | **8 (12,1%)** | **5 (7,6%)** | **3 (4,5%)** |
| Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | **11 (16,7%)** | **19 (28,8%)** | **10 (15,2%)** | **2 (3%)** | **24 (36,4%)** |

**<u>Анкета за наставници</u> (Анкетирани се вкупно 33 наставници)**
**Подрачје 4**

| | ***Целосно се согласувам*** | ***Се согласувам*** | ***Не се согласувам*** | ***Целосно не се согласувам*** | ***Не знам/ немам информција*** |
|---|---|---|---|---|---|
| Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање | **13 (39,4%)** | **19 (57,6%)** | **1 (3%)** | **/** | **/** |
| Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитнообразовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки | **17 (51,5%)** | **13 (39,4%)** | **1 (3%)** | **2 (6,1%)** | **/** |
| Училиштето ми го | **5 (15,2%)** | **17 (51,5%)** | **10 (30,3%)** | **1 (3%)** | **/** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и вонnаставните активности | | | | | |
| Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби | **12 (36,4%)** | **18 (54,5%)** | **2 (6,1%)** | **1 (3%)** | **/** |
| Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часа во текот на едно полугодие | **16 (48,5%)** | **13 (39,4%)** | **1 (3%)** | **2 (6,1%)** | **1 (3%)** |
| За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација | **12 (36,4%)** | **18 (54,5%)** | **1 (3%)** | **1 (3%)** | **1 (3%)** |
| Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам | **15 (45,5%)** | **14 (42,4%)** | **3 (9,1%)** | **1 (3%)** | **/** |
| Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците | **12 (36,4%)** | **16 (48,5%)** | **3 (9,1%)** | **2 (6,1%)** | **/** |
| Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | **6 (18,2%)** | **12 (36,4%)** | **8 (24,2%)** | **1 (3%)** | **6 (18,2%)** |

**<u>Анкета за ученици</u> (Анкетирани се вкупно 64 ученици)**
**Подрачје 4**

| | ***Целосно се согласувам*** | ***Се согласувам*** | ***Не се согласувам*** | ***Целосно не се согласувам*** | ***Не знам/ немам информција*** |
|---|---|---|---|---|---|
| Информиран/а сум кои активности ги планира | **25 (39,1%)** | **17 (26,6%)** | **3 (4,7%)** | **5 (7,8%)** | **14 (21,9%)** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| училиштето за следниот период | | | | | |
| Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека во секое време | **25 (39,1%)** | **18 (28,1%)** | **6 (9,4%)** | **4 (6,3%)** | **11 (17,2%)** |
| Училиштето е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера | **18 (28,1%)** | **26 (40,6%)** | **12 (18,8%)** | **8 (12,5%)** | **/** |

**Резиме (главни наоди) од интервју со директор**

**1.Каква е Вашата соработка со Училишниот одбот?**

Соработката со училишниот одбор е клучен аспект на успешното управување со училиште. Како директор, важно е да имам ефективна комуникација и партнерство со членови на учулиишниот одборот. Овде се неколку начини како може да се оствари успешна соработка:

1. **Редовна комуникација:** Одржувам редовна комуникација со членовите на училишниот одбор за да ги информирам за тековните активности, напредокот на училиштето и предизвиците со кои се соочувате. Ова помага да се гради доверба и да се осигура дека сите се на иста страна.
2. **Финансиско планирање:** Одборот игра важна улога во одобрувањето на буџетот. Работам со нив на планирање на финансиите, во врска со распределба на средства, и обезбедувам транспарентност во трошењето.
3. **Инволвирање во важни одлуки:** Вклучени се во донесувањето на важни одлуки, особено оние кои можат да имаат долгогодишни ефекти на училиштето. Нивното искуство и перспективи се од од голема помош.
4. **Размена на информации:** Споделуваме редовно информации за постигнувањата, предизвиците и плановите на училиштето. Ова помага да се одржи транспарентност и да се гради поголема поддршка од страна на одборот.
5. **Застапување на интересите на учениците и наставниците:** Нашата соработка со одборот се фокусира на интересите на учениците и наставниците. Важно е да се обезбеди дека сите одлуки се донесуваат за нивните потреби и интереси.
6. **Постоење на решавање на конфликти:** Развивање на стратегии за решавање на конфликти и осигурување на конструктивен дијалог може да помогне во надминување на сите предизвици.

**2.Како се одвива процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет во училиштето?**

1. Градење Политики

- **Анализа на потребите:** Ги идентификувме потребите преку податоци и повратни информации.
- **Развој на политики:** Дизајнираме политики за решавање на идентификуваните проблеми.
- **Консултација:** Ги вклучувме сите страни за повратни информации.
- **Одобрување:** Политиките се прегледани и одобрени од училишниот одбор.
- **Објавување:** Јасно документираме и ги објавуваме политиките.

**2. Планирање**

- **Стратегиски план:** Поставуваме долгорочни цели.
- **Тактичко планирање:** Разработуваме краткорочни планови за постигнување на стратегиските цели.
- **Акциони планови:** Дефинираме конкретни активности и одговорности.
- **Следење и ревизија:** Редовно ги прегледуваме и прилагодуваме плановите.

**3. Обезбедување Квалитет**

- **Критериуми за квалитет:** Поставуваме јасни стандарди.
- **Оценување:** Воведуваме системи за оценување и мониторинг.
- **Професионален развој:** Обезбедуваме обуки за персоналот.
- **Повратна информација:** Собираме повратни информации и ги правиме потребните подобрувања.

3.Колку ефективно се користат ресурсите во училиштето, (просторните капацитети, материјалите за работа) и со какви предизвици се справувате и како ги надминувате? Ефективната употреба на ресурсите во училиштето, вклучувајќи просторни капацитети и материјали за работа, е клучна за обезбедување квалитетно образование. Еве краток преглед на тоа како може да се оценат и оптимизираат ресурсите, заедно со предизвиците и начини за нивно надминување:

**Ефективно Користење на Ресурсите:**

1. **Проценка:** Анализираме како се користат просториите и материјалите.
2. **Планирање:** Разработуваме планови за оптимална распределба на ресурси.

**Предизвици и Решенија:**

1. **Недостаток на ресурси:**
   - **Предизвик:** Недостаток на простор или материјали.
   - **Решение:** Сопствени финансиски средства, донаторства или споделување на ресурси ни помагаат во истото.
2. **Нееднаква распределба:**
   - **Предизвик:** Нерамномерна распределба на ресурси.
   - **Решение:** Редовно прегледување и фер - распределба на ресурси.
3. **Технички проблеми:**

- **Предизвик:** Старите технологии и инфраструктура.
- **Решение:** Инвестираме  во модернизација и редовно одржување.

4. **Недостаток на обука:**
    - **Предизвик:** Недостаток на обука за нови ресурси.
    - **Решение:** Ќе обезбедиме редовни обуки за персоналот.
5. **Проценка и адаптација:**
    - **Предизвик:** Неприспособеност на ресурсите.
    - **Решение:** Редовно проценувајте и адаптирајте стратегии.

## Опис/ резиме, силни страни, слаби страни и приоритети во однос на секое подрачје.

| Подрачје 1 : Планирање настава и учење<br>Опис/Резиме |
|---|
| Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Голем број од испитаниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет.<br>Повеќето од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањето во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат токму на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и друго<br>Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот.<br>Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Сепак, помал дел испитаници сметаат дека треба да се збогати изборот со вонаставни активности за учениците и тие поактивно да се вклучат во креирањето на програмите за вонаставни активности. Поголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности кои по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците<br>Наставниците голем дел од, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Поголемиот дел од испитаниците наставници ,сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, неограничувајќи се исклучиво на учебници туку и дополнителна прирачна литература. Со тоа се согласуваат поголем дел и од испитаниците ученици и родители.<br>Интеракцијата меѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно е на највисоко ниво, според испитаниците наставници, родители и ученици. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, при што се обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот, користејќи разни методи и техники.<br>Тимот за училишна интеграција во најголем дел го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Најголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план<br>Поголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Повеќето од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен , содржините што им се пренесуваат им помагаат за решавање проблеми во реалниот живот. Многу мал број испитаници одговориле дека не се согласуваат по ова прашање.<br>Наставниот кадар и стручните соработници во најголем процент се изјасниле дека системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. |

Наставниците користат разновидни методи,форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.
Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.
Повеќето учениците сметаат дека училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците, но помал број испитаници ученици сметаат дека може да се зголеми изборот на воннаставни активности зависно интересот на учениците.
Учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности.

Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

**Силни страни**

На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот.На најголем број наставни часови,изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.Учениците се мотивирани и поттикнувани да поставуваат прашања и слободно се изразуваат за време на часовите.

Најголем дел од наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот,а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици и покажуваат почит кон учениците.Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.Користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми како и разни ресурси.

Најголем број наставници,во соработка со стручните соработници,во процесот на поучување користат различни интерактивни техники,со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

Најголемиот број наставници применуваат различни начини за проверка на знаењата на учениците и учениците и родителите се редовно известени за постигнувањата на учениците.

Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи и како резултат на тоа се подобрени планирањата кај најголем број од наставниците.

Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем.

Родителите и учениците се запознати со листата на изборни предмети и активности и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците

**Слаби страни**

Дел  од наставниците сметаат дека не добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.

Задачите на наставниците не се во целост приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците.

Голем дел од учениците и родителите сметаат дека во училиштето нема доволен избор на воннаставни активности и дека слободно по сопствен избор можат да се вклучат во истите .Мал број од родителите сметаат дека учениците се дел од активности кои се реализирани со ученици од други култури.

Исто така сметаат дека учениците се помалку вклучени со ученици кои учат на

различни јазици.

Мал број од родителите сметаат дека учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење : енциклопедии,списанија, интернет.

Дел од родителите сметаат дека децата не секогаш во текот на годината ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот поради одредени оправдани отсуства на наставниците. Голем број од родителите сметаат дека училиштето може да биде повеќе мотивирачка средина за учениците и да нуди поголем избор на воннаставни активности

**Приоритети**

Во делот со воннаставните активности засилено вклучување на учениците во изготвувањето на планот, како и креирање на активности кои се во согласност со нивните интереси со тоа што би имале поголем избор на воннаставни активности.

Да се обезбедат повеќе ресурси во училиштето,за учениците да имаат повеќе пристап до различни матерјали за учење: енциклопедии, збирки, списанија, интернет и др.

Зголемување на активности во кои учениците ќе бидат вклучени во работилници со

ученици од друга култура и друг наставен јазик

Да се работи на активности со кои училиштето  ќе биде мотивирачка средина за сите ученици

## Подрачје 2: Постигања на учениците
## Опис/резиме на подрачјето

Следење на постигањата на учениците од различен пол, според наставни предмети и според квалификациски периоди е многу добро. Наставата во нашето училиште се одвива на македонски јазик, па поради тоа не се прави анализа според јазикот на кој се изведува наставата. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди.

Резултатите од екстерните тестирања се уште не се добиени. Училиштето беше вклучено во меѓународно тестирање во учебната 2023/2024 година со ученици од петто одделение.

Идентификување и поддршка на учениците со потешкотии во учењето, на надарените ученици  и на учениците со попреченост е многу добро. Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето  има добро развиен систем за идентификација на учениците со потешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат потешкотии во учењето се покажува согласност и испитаниците се согласуваат дека училиштето има стратегија за идентификување на надарените и талентираните ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици.

Редовноста во наставата е многу добра. Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, а за учениците кои не се редовни на настава се превземаат педагошки мерки, се вршат советувања на учениците и нивните родители и доколку тоа не даде резултати се соработува со надворешни институции како што се Центар за социјални работи, Министерство за внатрешни работи и локална самоуправа ( оддел за образование.

Советување на родители/старатели и ученици - Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после оддржување на одделенските совети. Учениците и родителите се советуваат доколку: ученикот има повеќе од три негативни оценки, има повеќе од десет неоправдани изостаноци, ако учениците имаат недолично однесување. На родителите им се испраќаат покани, секој родител кој треба да присуствува на советувањето добива покана осум дена пред одржувањето на истото. Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самите родители. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.

Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава - Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето.

**Силни страни**

1. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди, но не според јазик поради фактот што во нашето училиште наставата се одвива исклучиво на македонски јазик.
2. Училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со потешкотии во учењето и со посебни образовни потреби.
3. Училиштето има стратегија за идентификување на надарените и талентирани ученици.
4. Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.
5. Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.
6. Во текот на целата година по сите предмети се организира дополнителна настава.

**Слаби страни**

1. Училиштето нема добиено повратни информации од екстерното тестирање и немаме увид во резултатите.
2. Учениците немаат доволно информации / не знаат на кој начин училиштето ги промовира учениците со високи постигнувања.
3. Недоволна информираност на родителите во врска со постигнувањата на учениците со посебни потреби.

**Приоритети**

Со учениците да се работи во насока на развивање и поттикнување на критичкото размислување, како и развивање на повисоките когнитивни домени и истражувачки вештини. Наставниците да го планираат едуцирањето со часови на активно учење, самостојна работа на учениците, примена на различни перспективи во реализација на наставните содржини, давање можности за откривање различни решенија на дадени задачи од наставната содржина.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

### Опис/резиме на подрачјето

| |
|---|
| Имиџот на училиштето, неговата слика како и климата и културата во него се многу добри и истите се синоним за училиштето и афирмација з истото на локално, национално и меѓународно ниво. Исто така во училиштето има истакнати кодекси на однесување, како и куќен ред на кој се придржуваат сите засегнати страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите водат грижа за дисциплината и поведението на учениците. Постојано се води педагошка евиденција и документација, како и записници и извештаи за справување со најразлични ситуации во текот на работата на Стручната служба. Учениците имаат ученички парламент и учествуваат во донесувањето на одлуки и решавање на проблеми. Имаат училишен правобранител и имаат постојани активности според програмата која е доставена за работа.<br>Во училиштето се почитуваат правата на децата и наставниците имаат соодветни активности како наставни така и вонннаставни со што учениците се запознаени со детските права и обврски, а исто така и родителите. Во училиштето се воспоставува еднаков третман на сите ученици и се спроведува правичност и еднаквост како и еднаков пристап на сите ученици во училиштето.<br>Училиштето и наставниците имаат постојана и продуктивна соработка со родителите/старателите на учениците и исто се активно вклучени во училишниот живот и во работата на училиштето.<br>Училиштето има склучено голем број на меморандуми за соработка со локалната заедница и институции, невладини организации и акредитирани организации кои постојано ја следат работата, се вклучени и донираат соодветна опрема или интелектуални услуги во училиштето.<br>Постојано се организираат предавања, едукации и се реализираат наставни и воннаставни активности за превенција и справување со врсничкото насилство. Исто така во соработка со локалната заедница, надлежни институции се воспоставуваат и организираат трибини, настани и предавања за заштита од дрога, алкохол и пушење, како и за заштита и превенција од заразни болести како и квалитет на храна и здрава исхрана. Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систематски прегледи за наставниците и учениците.<br>Педагошко психолошката служба води постојана евиденција и документација согласно потребите на учениците и постојано комуницира со наставниците и родителите во справувањето со социо-емоционалните проблеми на учениците, водејќи постојана грижа за менталното здравје на учениците. ППС во соработка со учениците, наставниците и родителите даваат постојана поддршка и насочување на учениците за продолжување на нивното образование. |
| **Силни страни**<br>Училиштето има позитивна клима<br>Училиштето има кодекс за однесување и куќен ред со кој се запознаени учениците, наставниците, родителите и сите засегнати страни<br>Училиштето има детски парламент<br>Училиштето има ученик правобранител<br>Училиштето има соодветна евиденција и документација за дисциплина, однесување, формирање на соодветни тела, учество и донесување на одлуки од страна на учениците.<br>Училиштето постојано соработува со локалната средина |

| |
|---|
| Училиштето е афирмирано и постојано застапено во локалните и националните медиуми<br>Училиштето има еднаков и правичен пристап кон сите ученици.<br>Училиштето организира работилници, едукација и наставни и воннаставни активности за превенција од насилството<br>Училиштето организира предавања-самостојно и во соработка со организации и институции во врска со превенција и заштита од пушење, дрога и алкохол<br>Училиштето води грижа за учениците и наставниците за нивното здравје<br>Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозените семејства<br>Училиштето води грижа за социо-емоционалната состојба и менталното здравје<br>Училиштето постојано соработува со родителите во разрешувањето на ситуации со учениците |
| **Слаби страни**<br>Подобрување на хигиената во училиштето<br>Во училишето е изготвен протокол за заштита и превенција од насилство, но истиот не е донесен од страна на Наставнички совет<br>Во училиштето не е формиран тим за интеграција на учениците (за меѓусебна помош од ненасилство). |
| **Приоритети**<br>**Да се подобри нивото на хигиена во училиштето**<br>**Да се донесе протоколот за превенција и справување со насилството**<br>**Да се формира тим за интеграција на училиштето** |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

**<u>Опис/резиме на подрачјето</u>**

| |
|---|
| Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации.<br><br>Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри. Најголем дел од наставниците се изјасниле дека училиштето многу добро |

планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.

. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.

Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.
Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

**Силни страни**

Функционалност и соработка на училишниот одбор: Училишниот одбор функционира ефикасно и има воспоставено партнерски однос со раководството на училиштето и другите училишни структури. Донесените одлуки се транспарентни и соодветно документирани, што овозможува добро управување и координација.

Информирање и вклучување на сите учесници: Училиштето обезбедува јасни и навремени информации за сите учесници во образовниот процес, вклучувајќи наставници, ученици и родители. Ова се остварува преку различни канали на комуникација, вклучувајќи родителски средби, наставнички совети и дигитални платформи.

Навремено обезбедување на ресурси: Училиштето навремено обезбедува потребен

| |
|---|
| потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности, што придонесува за квалитетна реализација на образовниот процес.<br><br>Транспарентност и отчетност: финансиските планови и трошењето на Буџетот се транспарентни и достапни за сите релевантни страни, а буџетските приоритети се усогласени со образовните цели на училиштето.<br><br>**Слаби страни**<br><br>Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците. Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознаени со тоа како се троши буџетот. |
| **Приоритети**<br><br>Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот.<br>Зголемување на просторот на училишната библиотека, создавање на читална, со цел да се овозможи подобар пристап до ресурси за учениците. |

Комисија за самоевалуација

1. Име и презиме ______________________ (потпис)
2. Име и презиме ______________________ (потпис)
3. Име и презиме ______________________ (потпис)
4. Име и презиме ______________________ (потпис)
5. Име и презиме ______________________ (потпис)

Датум

ДИРЕКТОР

______________________

Претседател на Училишен одбор

______________________